УНИБанка
Твојата Банка

# УНИМагазин

Издание бр.26 | Ноември 2024 | УНИБанка АД Скопје




УНИБанка КАМПАЊА
**МЕСЕЦ НА ШТЕДЕЊЕ**

УНИБанка ПРОДУКТ
**MASTERCARD WORLD DEBIT**




# СУПЕР БРЗ
## БИЗНИС КРЕДИТ

- **До 50.000 евра без хипотека**
- **Без трошоци за одобрување**

УНИБанка
Твојата Банка
www.unibank.mk

СКЕНИРАЈ
ЗА ПОВЕЌЕ





УНИБанка ПОДДРШКА
AI Tech Summit
4–5

УНИБанка СОРАБОТКА
Кроациа
6–7

УНИБанка УЧЕСТВО
Скопски Маратон
8–9

УНИБанка КАМПАЊА
Месец на штедење
10–12

УНИБанка УСПЕСИ
МБА Награди
13

УНИБанка ПРОДУКТ
Бизнис кредит жени
14

УНИБанка ДИРЕКЦИЈА
ДУПП
15

СВЕСНОСТ
Машко здравје
16

УНИБанка ПРОДУКТ
Бизнис Депозит
17

УНИБанка ПРОДУКТ
Mastercard World Debit
18–19



Изработено од
Дирекција за Маркетинг и реклама:
Олга Јованова, Изабела Станковска







***УНИБанка втора година по ред во поддршка на најголемиот настан за вештачка интелигенција во регионот - AI Tech Summit***

































Тимот на Банката беше присутен на дводневниот самит во МОБ, каде што имаше можност одблизу да слушне експерти, инспиративни говорници и иновативни дискусии од светските гиганти како Microsoft, NVIDIA, Google, UBS, Ericsson, Amazon и KPMG, но исто така и да го размени своето искуство.

AI Tech Summit повторно ги насочи погледите кон иднината за тоа како вештачката интелигенција ќе го обликува нашиот свет, како технолошки така и општествено, а УНИ*Банка* со поддршката го следи трендот и темпото на развој, поддржувајќи ја идејата дека вештачката интелигенција применета во безмалку сите сегменти на животот може да придонесе како нова додадена вредност на економиите.









# *Банко осигурување - вашата сигурна иднина*

Банко осигурувањето претставува интегрирано решение кое ја поврзува финансиската поддршка на банките со осигурителните полиси, создавајќи доверба и сигурност за клиентите. Нашата цел е да обезбедиме финансиска стабилност на нашите клиенти и нивните семејства, преку покривање на непредвидливи ризици.

## *Клучни предности на банко осигурувањето*

- Покритие на ризици: Нашите производи се дизајнирани да ги заштитат вашите хипотеки и други кредитни изложености, осигурувајќи го вашето семејство да остане финансиски стабилно по непредвидениот настан.
- Персонализирани решенија: Во соработка со банките партнери, активно слушаме и ги анализираме потребите на клиентите, а тоа ни овозможува да развиваме производи што одговараат на барањата на пазарот.
- Достапност: Нудиме производи што се финансиски подостапни и ги покриваат сите кредитни производи, вклучувајќи минусни салда, кредитни картички и хипотекарни кредити.
- Образование и свест: Постојано работиме на зголемување на свесноста за ризико осигурувањето, преку обуки и кампањи кои ги потенцираат придобивките од нашите полиси.
- Интегрирани канали на продажба: Вклучуваме електронски канали, деловна мрежа и контакт центар за да обезбедиме лесен и удобен пристап до нашите производи.





Соработката со УНИ*Банка* започна 2021 година, а наш прв заеднички продукт беше Ризико-осигурување со опаѓачки осигурени суми. Ова се покажа како успешен почеток и клиентите ги препознаа придобивките од продуктот, а тоа е пред сè максимална финансиска заштита на семејството, преку заштита на капиталот во случај на загуба на главниот финансиски извор и сето тоа со минимална уплата на премија.

Потоа, продолживме со воведување на продажба на Индивидуално животно осигурување и Детско штедно осигурување кои се основни и базични продукти на Кроација осигурување – Живот АД Скопје, во филијалите на УНИ*Банка*.

Класичното Индивидуално животно осигурување, гарантира сигурна исплата на вложените средства по истекот на осигурувањето. Со овој производ, преку континуирано штедење, клиентите обезбедуваат сигурен капитал за различни животни приоритети како и финансиска сигурност за најблиските.
Дополнително, секој еден осигуреник кој има полиса за животно осигурување, има можност за вклучување пет различни дополнителни осигурувања кои ќе го штитат од следниве ризици: незгода, тешки болни состојби, малигни болести и операции. Додека ексклузивноста на Детското штедно осигурување е во единствена можност да ги осигурате своите најмили од ризиците што ги носи детската игра, притоа да заштедите за нивната иднина.

Посебно сме горди на Корпоративното ризико осигурување за кредитни картички и минусни салда, бидејќи со тоа им овозможивме на клиентите на УНИ*Банка*, први на пазарот да ги користат продобивките од овој производ, а тоа е унифицирана цена за сите клиенти што овозможува брзо и лесно склучување на полиса за осигурување и поврзување на истата со кредитните производи на Банката (кредитни картички и минусни салда).

Како пионери на пазарот во ризико осигурување за кредитни картички и минусни салда, ние сме посветени на иновации и континуирано подобрување. Нашата соработка со УНИ*Банка* не само што ја зголемува довербата кај клиентите, туку и обезбедува сигурна иднина за секого.

Ве охрабруваме да се запознаете со нашите производи и да откриете како можеме да ви помогнеме да се заштитите од непредвидливи ризици.

***Вашата сигурност е наш приоритет!***





# СКОПСКИ МАРАТОН




Нашите колеги со голема енергија и тимски дух учествуваа на годинешниот маратон, претставувајќи ги вредностите на упорноста и солидарноста.
Честитки до сите што успешно ја завршија трката!































## *УНИБанка го одбележа месецот на штедење со финансиска едукација за деца и млади*

Во рамки на октомври - месецот на штедење, УНИБанка организираше серија интерактивни активности под мотото “УНИФин Авантури”, насочени кон финансиска едукација на најмалите. Кампањата вклучи различни категории на образовни институции и тоа градинки, основни и средни училишта низ целата држава.





































Овие активности имаа за цел да ги едуцираат младите за важноста на штедењето и управувањето со финансиите, да се запознаат децата со концептите на штедење, финансиската одговорност и општествено одговорната свест. Со помош на практични примери, учениците активно учествуваа, поставуваа прашања, но и учеа за планирање на нивните тековни трошоци како и штедење за идни цели.

Како дел од нашата иницијатива, децата добија и тематски подароци, работни тетратки, боенки, училишен прибор и едукативни игри изработени од одрживи материјали како дел од нашата ESG стратегија. Матријалите не само што служат за учење туку и ги поттикнуваат на одговорно размислување за животната средина, нагласувајќи ја важноста на еколошката свест, општествената одговорност и доброто финансиско управување. УНИ*Банка* верува дека овие вредности треба да се вградуваат уште во најмлада возраст и да се охрабруваат децата да размислуваат за својата улога во создавањето одржливо општество.

Со овие активности, УНИ*Банка* не само што придонесува за подигнување на свеста за штедењето, туку и активно инвестира во развојот на идната генерација, поттикнувајќи ги на сознанија и вештини кои ќе им користат во секојдневниот живот.

УНИ*Банка* останува посветена на својата мисија да создава финансиски свесно општество, во кое секоја генерација ќе знае како да управува со своите финансии. Заедно, создаваме основа за подобра финансиска иднина!






*Сањица Србиновска,*
Менаџер за Стратешки клиенти
Дирекција Стратешки клиенти

*Драѓана Симионова,*
Референт на фронт
Експозитура Ѓорче Петров




Со гордост објавуваме дека на свечениот настан, организиран од Македонската Банкарска Асоцијација (МБА) по повод Светскиот ден на штедење, двајца вработени на УНИ*Банка* беа наградени за „Најдобар службеник“ за 2024!

Ова признание е доказ за нивниот професионален успех и инспирација за сите нас!



УНИ*Банка* преку Развојната банка на Северна Македонија ќе овозможи поволни кредити за жени претприемачи, дигитализација и зелени проекти

УНИ*Банка* склучи рамковен договор со Развојната банка на Северна Македонија за поддршка на зелени и општествено одговорни инвестиции со средства обезбедени од Француската агенција за развој (АФД).

Во фокусот на кредитната линија ќе биде и поддршката на женското претприемништво, како и проектите поврзани со процесот на дигитализација, овозможувајќи ни да ја интензивираме нашата улога во поттикнувањето на понудата за финансирање на климатските промени, како и во стимулирање на иновативниот и инклузивниот раст во приватниот сектор. Се поддржуваат инвестиции од компании кои се минимум 51% во сопственост на жени или се раководени од жени.

Со оваа кредитна линија која има силна социјална компонента, цел е да се поттикне родова еднаквост, инклузивност како и поттикнување и развој на зелените проекти во земјата. Да се овозможи личен и професионален развој на жените претприемачи, да се поттикнат иновации и инвестиции во проекти кои позитивно влијаат врз животната средина, и кои имаат силен придонес за постигнување здрава животна средина.

"Со поддршката на жени претприемачи придонесуваме кон порамноправна и просперитетна иднина. Во нашата земја има многу жени кои се вистински лидери, кои со своите бизнис идеи можат да придонесат кон развој на економијата и општа благосостојба. Жените раководат со интегритет, непристрасност и принципиелност, но не секогаш им се даваат еднакви можности. Додека пак зелените проекти се поврзани со нашиот одржлив раст и развој, со здравата животна средина, и токму затоа е важно да ги поддржиме", истакна Катица Кузмановска, Одговорен директор за бизнис развој во УНИ*Банка*.

УНИБанка ќе биде дел од банките во земјава преку кои ќе бидат достапни кредити во вкупен износ од 50 милиони евра, средства од кои 25% се наменети за финансирање на бизниси раководени од жени и инвестиции во дигитализација, а 75% за зелени проекти кои придонесуваат кон подобрување на климатските услови. Кредитите се отплатен рок до 15 години, со вклучен грејс период до 3 години и се со поволна фиксна каматна стапка, што ги прави интересни и прифатливи.

УНИ*Банка* е значаен дел од оваа заедница, и како општествено одговорен субјект и во иднина ќе поддржува различни еко проекти и инклузивни иницијативи, иницирани од институции или поединци, придонесувајќи на тој начин кон поттикнување на позитивни тенденции и корисни општествени пракси.









Дирекцијата Управување со проблематични пласмани, веќе 16 години успешно функционира во УНИ*Банка* и извршува голем број на процеси и активности, кои од година во година се повеќе добиваат на обем и тежина. Од мала дирекција, која почнала да функционира со 5 вработени и извршувала мал број и обем на активности, успеа да прерасне во дирекција која моментално брои 17 вработени, посветени и спремни да одговорат на сите предизвици, преку постигнување на зададените цели, кои постојано се менуваат и унапредуваат.

Ако треба најсоодветно да се дефинира, што е она кое треба да го поседувате во себе, за да работите во една ваква дирекција, тогаш тоа сигурно би бил Вашиот животен императив, да го изберете предизвикот на изодување на "тешките патишта", а не удобноста на поминувањето низ "ширум отворените порти".

Кога во фокусот на вниманието ќе се најде клиент со одредени проблеми, за да се постигне успешен договор, во преговарањето мора да се постигне рамнотежата помеѓу два моменти, да се преговара како да станува збор за "сопствените" пари, но истовремено никако да не се доведе во прашање, репутацискиот ризик на Банката. Ова може да се постигне, само ако целта при управување со проблематичните пласмани е визионерство, односно преку изнаоѓање на најцелисходното решение прифатливо за двете страни, да се убеди клиентот дека неговата добра кредитна историја, му е најпотребното нешто во денешницата. Во крајна инстанца, овие клиенти истовремено треба да станат редовни во измирувањето на обврските, но и во иднина да останат лојални на Банката.

За да се постигне горенаведеното, клучот за успехот единствено се состои во изнаоѓање на компактен и кредибилен тим од вработени, составен од реализирани и квалитетни поединци, кои во извршувањето на работните обврски ќе инспирираат.

Токму таков тим на вработени ја сочинуваат Дирекцијата Управување со проблематични пласмани, со која раководи Ана Арнаудова – Директор на дирекцијата, професионалец со повеќегодишно работно искуство во УНИ*Банка*, на повеќе позиции, а нејзин заменик е Јовица Денчевски. Дирекцијата организационо е поделена во четири сектори. Секој сектор е составен од одговорни и искусни вработени, кои секој со својот личен ангажман, придонесуваат за исполнување на целите на дирекцијата, а со тоа и на целите на Банката.

Најважното од сè е фактот, што овој тим на вработени има изграден тимски дух, јасна стратегија и долгорочна визија и е спремен да одговори на сите предизвици со кои би се соочил во иднина, се со цел да има најефикасен придонес за Банката.

# Премиум исто како тебе! Нова Mastercard World Debit картичка од УНИ*Банка* АД Скопје

Доколку сте еден од оние кои веќе ги користат придобивките од безготовинското плаќање, кои често патуваат и преферираат да купуваат онлајн, а сакате дополнителни бенефити тогаш премиум Mastercard World Debit картичката издадена од УНИ*Банка* АД Скопје е токму за вас.

Одличен избор за луѓе кои се самоуверени, кои знаат што сакаат и сакаат да го живеат животот со полни гради. Корисник на Mastercard World Debit картичката може да биде секое полнолетно физичко лице, со статус резидент или нерезидент.

Со Mastercard World Debit картичката бројот на бенефити е навистина голем. Добивате поврат на средства (Cashback) во висина од 0,4% од износ на трансакција за плаќање на ПОС уред и онлајн на платежната сметка со која е поврзана картичката. Се добива можност и за неограничен број на бесплатни трансакции преку електронско и мобилно банкарство ( интерни плаќања, КИБС и МИПС), како и за бесплатно повлекување готовина од сите расположливи банкомати во земјава.

Со Mastercard World Debit картичката издадена од УНИ*Банка* заедно со уште еден придружник имате бесплатен Airport Lounge Access на аеродромите во Скопје, Виена, Софија, Белград и Истанбул. Па така за оние кои често патуваат можноста бесплатно да се влезе во Airport Lounge Access (премиум аеродромскиот клуб) е навистина привилегија. Овде, независно дали авионот доцни или не, времето кое ќе го поминете е вистинско уживање. Имате богат избор на храна на шведска маса, широка премиум понуда на безалкохолни и алкохолни пијалоци, можност за опуштање на комотни софи, едноставно да се чувствувате како ВИП патници.

Добивате бесплатна стикер картичка, не плаќате надомест за месечна членарина за картичката, а добивате и бесплатни УНИСМС известувања. Притоа се обезбедени највисоките 3D-Secure стандарди за безбедни купувања преку интернет.

Бидете дел од клубот на привилегираните. Вистинските избори се карактеристика на добрите деловни луѓе. Да се поседува Mastercard World Debit од динамична и модерна банка како што е УНИ*Банка* АД Скопје, е повеќе од оправдана одлука, но и истовремено награда за се она што досега сте го постигнале.

## Нова премиум картичка Mastercard® World Debit

- Cashback - поврат на средства од 0,4%
- Бесплатни трансакции преку интернет банкарство
- Бесплатно подигнување на готовина од банкомати во земјата
- Бесплатен Airport Lounge Access

УНИ*Банка*
*Твојата Банка*

mastercard






Фондацијата Movember прва покренува иницијатива за машкото здравје со цел да го промени начинот на размислување со ставање забавен пресврт на ова сериозно прашање.

Користејќи ги мустаќите како поттик, идејата е да се донесат промени и да им се даде можност и самодоверба на мажите да научат и да зборуваат за своето здравје и да преземат акција кога е потребно.

Кај дел од мажите се среќава недостаток на свест и разбирање за здравствените проблеми со кои се соочуваат, не разговараат отворено за нивното здравје и како се чувствуваат, и се неподготвени да се преземе акција кога не се чувствуваат физички или психички добро.

Како глобално движење за машко здравје, Фондацијата Movember има амбиција да придонесе за подобрување на животот на мажите ширум светот. За да го постигнат ова, ги предизвикуваат мажите да пуштат мустаќи за време на Мовембер (месец ноември) за да ги поттикнат на разговор и да се соберат средства за рак на простата, рак на тестисите и проблеми со менталното здравје.

Успехот треба да се гледа како поместување на бројчаникот за напредок кон:

- Намалена смртност од простата, рак на тестисите и самоубиства кај мажи.
- Мажите кои живеат со рак на простата или тестис се физички и психички добро.
- Мажите и момчињата разбираат како да бидат ментално здрави и преземаат акција кога имаат проблеми со менталното здравје.



ЗЛАТЕН БИЗНИС ДЕПОЗИТ
за правни лица

Со секој отворен депозит:

- ПОДАРОК ИНВЕСТИЦИСКО ЗЛАТО
- 3 месеци БЕСПЛАТНО Е-ПАКЕТ со сите банкарски услуги во ЕДНО
- До 4% КАМАТА



СКЕНИРАЈ ЗА ПОВЕЌЕ

**УНИ***Банка*
*Твојата Банка*
www.unibank.mk

unibank.mk